РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
УП1 Бр. 12-973
13.07 2017 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" во Скопје
ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА
Бр. 04-2/1425
17.08 2019 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11) и член 22 став 5 од Законот за образование на возрасните („Службен весник на Република Македонија" бр. 7/08, 17/11, 51/11, 74/12, 144/14, 146/15 и 30/16) и член 10 од Правилникот за начинот на верификација на установите и институциите за образование на возрасните („Службен весник на Република Македонија" бр.115/13), министерот за образование и наука донесе

# РЕШЕНИЕ
## за верификација на установата за образование на возрасните Факултет за замјоделски науки и храна при УКИМ Скопје за реализација на посебната програма Овоштар

1. Се верифицира установата за образование на возрасните Факултет за замјоделски науки и храна при УКИМ Скопје за реализација на посебната програма Овоштар.

2. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

## Образложение

Комисијата за верификација на установата за образование на возрасните Факултет за замјоделски науки и храна при УКИМ Скопје, формирана со Решение УП1 бр.12-973 од 25.05.2017 година, изврши непосреден увид на ден 15.06.2017 година во просториите на установата за образование на возрасните со цел да се утврди исполнетоста на условите за работа.

Врз основа на извршениот увид, Комисијата со извештај УП1 бр.12-973 од 15.06.2017 година и Решението за верификација на посебната програма Овоштар УП бр.10-13 од 12.04.2017 година, одобрена од ЈУ Центар за образование за возрасните, констатира дека се исполнети условите за верификација согласно Законот за образование на возрасните („Службен весник на Република Македонија" бр. 7/08, 17/11, 51/11, 74/12, 144/14, 146/15 и 30/16) и предложи да се верифицира установата за образование на возрасните Факултет за замјоделски науки и храна при УКИМ Скопје за реализација на посебната програма Овоштар поради што се донесе решение како во диспозитивот.

Упатство за правно средство: Против донесеното решение може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

**МИНИСТЕР**
**Рената Дескоска**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
2
СКОПЈЕ

**ДОСТАВЕНО ДО:**
- Факултет за замјоделски науки и храна при УКИМ Скопје
- архивата

изготвил: Васка Стоицова
прегледал: Дана Бишкоска
одобрил: Елена Ивановска